# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.09/26 од 30.06.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*  *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

## СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на објект од значење за општина Росоман и утврдување на изглед на фасади на објекти на подрачјето на Општина Росоман........................................................................................................ 3

**2.** Одлука за утврдување на објект од значење за општина Росоман и утврдување на изглед на фасади на објекти на подрачјето на Општина Росоман.................................... 4

**3.** Заклучок за објавување на Одлуката за субвенционирање на превоз на патници (пензионери)........................................................................................................ 6

**4.** Одлука за субвенционирање на превоз на патници (пензионери) .................................... 7

**5.** Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка........................................................................................ 8

**6.** Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.. 9

**7.** Заклучок за објавување на Одлуката за отстапување на користење на Специјално возило на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.................................................................. 11

**8.** Одлука за отстапување на користење на Специјално возило на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман............................................................................................................... 12

**9.** Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за 2027 година.......................................................................................................... 13

**10.** Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за 2027 година........................................ 14

**11.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице................................................................................................... 15

**12.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице....................... 16

**13.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице................................................................................................... 17

**14.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице....................... 18

**15.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице................................................................................................... 19

**16.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице....................... 20

**17.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 6.4 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.03-550/1 од 18.06.2026 година поднесено од страна на Бошко Илиев од Кавадарци.................................................................... 21

**18.** Заклучок по однос на точка 6.4 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.03-550/1 од 18.06.2026 година поднесено од страна на Бошко Илиев од Кавадарци.............................................................................................................. 22

**19.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 7 од утврдениот дневен ред на седницата............................................................................................................ 23

**20.** Заклучок по однос на точка 7 од утврдениот дневен ред на седницата.......................... 24

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на објект од значење за општина Росоман и утврдување на изглед на фасади на објекти на подрачјето на Општина Росоман, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.1**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 67-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25, 51/26 и 134/26), член 101 од Законот за Домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 150/22, 224/24 и 160/25) и член 9 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), на одржаната 13-та седница од ден 30.06.2026 година, Советот на Општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на објект од значење за општина Росоман и утврдување на изглед на фасади на објекти на подрачјето на Општина Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува статус на објект од значење за Општина Росоман на објектот Станбена зграда за колективно домување лоциран на улица „Пролетерска“ бр.1 во Росоман, изграден на катастарска парцела КП бр.4742/1 за КО Росоман.

Утврдувањето на статусот на објект од значење за Општина Росоман на објектот од став 1 на овој член се врши поради:

-Зачувување на автентичниот архитектонски, амбиенталниот и историскиот изглед на објектот кој претставува препознатлив дел од урбаниот идентитет на Општина Росоман;

-Спречување на деградација и натамошно оштетување на надворешната физичка структура на објектот;

-Санација и уредување на фасадите како дел од општото уредување на просторот и естетскиот лик на општината.

### Член 2

Се утврдува изгледот на фасадата на стамбената зграда за колективно домување од член 1 од оваа одлука како што е предвидено во скиците кои се прилог на оваа одлука на Општина Росоман.

### Член 3

Составен дел од оваа одлука се проект-скиците наведени во член 2 од оваа одлука.

**Член 4**

Општина Росоман ќе обезбеди финансиски средства од сопствениот буџет за изведување на градежните работи за реализација на одлуката врз основа на проект-скиците.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр. 08-564/1.1**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за субвенционирање на превоз на патници (пензионери), донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.2** **ОПШТИНА РОСОМАН**
**03.07.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Р О С О М А Н** **Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 точка 20 и 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), на одржаната 13-та седница од ден 30.06.2026 година, Советот на Општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А

**за субвенционирање на превоз на патници (пензионери)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Росоман одобрува субвенционирање на превоз на патници со ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ во вкупен износ од 200 000 (двеста илјади) денари и тоа:

- 200 000 (двеста илјади) денари се наменети за овозможување бесплатен превоз на пензионерите од Општина Росоман на територијата на општина Росоман и општина Кавадарци од понеделник до недела во текот на цела 2026 година, односно до 31.12.2026 година.

**Член 2**

**Финансиските средства од член 1 на оваа одлука ќе се исплаќаат сукцесивно согласно доставените фактури од ЈП Градски превоз Кавадарци - Кавадарци, а по основ на реализирани патувања од страна на корисниците (пензионерите од општина Росоман)**.

Средствата ќе се исплаќаат од Буџетот на Општина Росоман, Програма Е0, конто 421440 транспорт на луѓе.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.2**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.3**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.08-563/1 од 24.06.2026 година поднесен од градоначалникот на Општина Росоман, за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци за обезбедување на заедничко вршење на работи од надлежност на општините кои се однесуваат на услуги од Општина Кавадарци за Општина Росоман, и тоа:

- техничка подршка при донесување и изработка на урбанистичка документација;
- учество во постапката за легализација на бесправно изградени објекти;
- учество во постапката за бесправно изградени објекти на земјоделско земјиште;
- учество во постапката за издавање на одобрение за градење во електронска форма за објекти на градежно и земјоделско земјиште;
- комплетна услуга од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија;
- комплетна услуга од областа на комуналната инспекција.

### Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука, Процената за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, Амандманот на процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци и Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Градоначалникот, се доставуваат до Советот на Општина Кавадарци заради разгледување и одлучување по предлогот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.3**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за отстапување на користење на Специјално возило на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.4**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за отстапување на користење на Специјално возило на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапува Специјално возило, марка: Фап, тип: 1516 БД, број на шасија: 59895, број на мотор: 85581, сила на мотор: 115 KЊ, носивост: 9400, година на производство: 1976, со регистарски број: KA-0194-AB, сопственост на Општина Росоман на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

**Член 2**

Специјалното возило опишано во член 1 од оваа Одлука се отстапува на трајно користење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман без надомест.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.4**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за 2027 година, донесено на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.5**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Годишен план за вработување на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за 2027 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Годишен план за вработување на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за 2027 година со арх.бр.02-126/1 од 22.05.2026 година, донесен од ВД Директорот на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.5**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.6,1**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026[та] година („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.02/26), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 7.000,00 денари како еднократна парична помош за лекување (оперативен зафат) на Иле Бошев од Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.03-538/1 од ден 10.06.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.6,1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**30.06.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.6,2**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026та година („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.02/26), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 20.000,00 денари како еднократна парична помош на Резеарта Колева од село Манастирец, општина Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.08-565/1 од ден 25.06.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.6,2**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.6,3**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026$^{та}$ година („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.02/26), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице

### Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 30.000,00 денари на Боривоје Гатиќ од Росоман како еднократна парична помош за лекување на неговиот син, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.03-549/1 од ден 17.06.2026 година.

### Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.6,3**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 6.4 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.03-550/1 од 18.06.2026 година поднесено од страна на Бошко Илиев од Кавадарци, донесен на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.6,4**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

1. По однос на точка 6.4 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.03-550/1 од 18.06.2026 година поднесено од страна на Бошко Илиев од Кавадарци, по одржана седница, а врз основа на предлогот на Комисијата за финансии и буџет, Советот одлучи:

   - Активностите поврзани со пливачката агенда на подносителот на барањето да бидат поддржани со еднократен паричен износ од 6.000,00 денари исплатен од страна на Градоначалникот на Општина Росоман.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.6,4**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 7 од утврдениот дневен ред на седницата, донесен на 13-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.06.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-564/1.7**
**03.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 13-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 7 од утврдениот дневен ред на седницата, односно предлогот на членот на Совет за задолжување на Директорот и управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман да ги намалат цените и да направат нов план за намалување на цените за вода и комунални такси, Советот на Општина Росоман по спроведената расправа одлучи:

– Точката да биде повлечена од дневен ред, со што на наредна седница ќе бидат повикани Директорот и правникот на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман со цел да се даде објаснување за основот и причините за покачување на сметките за комунални услуги.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-564/1.7**
**30.06.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**